**Lindron® - Линдрон® таблети 10 mg**
Alendronic acid

**Пред употреба на лекот внимателно прочитај го упатството.**
*Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.*
*Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај вашиот доктор или фармацевт.*
*Овој лек ви е препишан вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како вашите.*
*Ако некои од несаканите дејства станат посериозни, или ако приметите било какви несакани дејства кои не се наведени во упатството, ве молиме кажете му на вашиот доктор или фармацевт.*

**Во ова уптство:**
- Што претставува лекот Линдрон и за што се употребува
- Пред да го земете лекот Линдрон
- Како да го земате лекот Линдрон
- Можни несакани дејства
- Чување на лекот Линдрон
- Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЛЕКОТ ЛИНДРОН И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Таблетите Линдрон содржат активна супстанција алендронат, која припаѓа на групата лекови (бисфосфонати) кои влијаат на минерализцијата на коската. Алендронатот го превенира губењето на коската кое се јавува кај жените после менопаузата и кај мажите и жените кои се лекуваат со лекови гликокортикоиди, како што се преднизолонот и метилпреднизолонот.

Лекот Линдрон се употребува за:
- Лекување на остеопороза кај жените после менопауза;
- Лекување на остеопороза кај мажите;
- Лекување и превенција на остеопороза предизвикана од лекување со гликокортикоиди кај жени после менопауза, кои не примаат хормонска заменска терапија (ХЗТ) со естрогени хормони.

Остеопорозата е болест при која коските стануваат потенки и послаби. Најчеста е кај жени после менопауза. После менопаузата, јајниците престануваат да го лачат женскиот хормон естроген, кој помага женскиот скелет да остане здрав. Како резултат на тоа, се губи коскената маса и коските стануваат послаби. Колку порано ќе настапи менопауза кај жената, толку поголем е ризикот за јавување на остеопороза. Остеопорозата исто така може да се појави кај мажи и жени кои



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *

земаат гликокортикоиди.
На почетокот, остеопорозата обично нема никакви знаци. Ако не се лекува, таа може да резултира со скршеници. Иако скршениците на коските се обично болни, скршениците на 'рбетниот столб може да не бидат забележани се додека не предизвикаат губење на висината. Скршениците може да настанат при секој дневни нормални активности, како што е качување по скали или како резултат на помали повреди, кои не би биле доволни да предизвикаат скршеница на нормална коска. Скршениците најчесто се јавуваат на колкот, 'рбетот или подлактицата. Освен болката, овие скршеници исто така може да предизвикаат значителни деформитети и ограниченост на движењето (како што се искривено држење на телото или кривење и намалена подвижност).

- **ШТО ТРЕБА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА ГО ЗЕМЕТЕ ЛИНДРОН**

**Немојте да го земате Линдрон ако:**
- сте алергични (преосетливи) на алендронат или на било која друга состојка на таблетите Линдрон;
- имате заболување на хранопроводникот или други фактори кои доведуваат до забавување на празнењето на храната од хранопроводникот (стеснување на хранопроводникот или нарушување на неговата подвижност);
- не можете да стоите или да седите исправено најмалку 30 минути;
- вашиот лекар ви кажал дека имате ниско ниво на калциум во крвта.

**Бидете посебно внимателни со Линдрон ако:**
- имате потешкотии со голтањето или заболување на хранопроводникот;
- имате воспаление или чир на желудникот или на дванаесетпалечното црево;
- страдате од бубрезите;
- имате било какви алергии.

**Земање со други лекови**
Ве молиме кажете му на вашиот лекар или на фармацевт ако земате или сте замале во последно време било какви лекови, вклучувајќи ги и лековите кои се издаваат без лекарски рецепт.
Истовремено земање на калциум и на железо, лекови кои се употребуваат за намалување на количината на желудечната киселина и земање на други лекови кои се внесуваат преку уста, доведува до намалена апсорбција на алендронатот. После земање на лекот Линдрон, мора да почекате најмалку половина час пред да земете било каков друг лек.

**Земање на лекот Линдрон со храна или со пијалок**
Овој лек може да се врзе за внесената храна или пијалок. Затоа таблетите Линдрон може да се земаат единствено со чиста вода. Многу важно за успехот на лекувањето е да ги следите препораките наведени во третото поглавје – Како да се земе Линдрон.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Бременост и доење**
Нема податоци за употребата на лекот Линдрон за време на бременоста и на доењето, па затоа не се препорачува негова употреба.
Прашајте го вашиот лекар или фармацевт за совет пред да земете било каков лек.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Не е познато дека лекот Линдрон влијае врз способноста за возење или за ракување со машини.

- **КАКО ДА СЕ ЗЕМЕ ЛЕКОТ ЛИНДРОН**

Секогаш земајте ги таблетите Линдрон точно онака како што ви кажал вашиот лекар. Би требало да проверите со вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.
Вообичаена доза на лекот Линдрон е 1 таблета дневно.
За да бидете сигурни дека ќе имате корист од лекувањето со лекот Линдрон, следете ги следниве препораки за земање на лекот:
- Кога ќе станете наутро и пред да земете било каква храна, пијалок или било кој друг лек, проголтајте ја таблетата Линдрон со полна чаша вода (не помалку од 200 ml),
- не со минерална вода,
- не со кафе или со чај,
- не со сок.
- Не ги цвакајте таблетите Линдрон и немојте да дозволите тие да се растворат во вашата уста.
- После земањето на таблетата, не легнувајте, останете исправени (може да седите, да стоите или да шетате) најмалку 30 минути. Не легнувајте се до првото јадење во денот.
- Не го земајте лекот Линдрон навечер или пред да станете наутро.
- Ако почуствувате потешкотии или болки при голтањето, градна болка, чувство на печење зад градната коска, прекинете да го земате лекот Линдрон и кажете му на вашиот лекар.
- После проголутвањето на таблетата Линдрон, почекајте најмалку 30 минути пред да ја земете првата храна, пијалок или било кој друг лек (вклучувајќи антациди, замени за калциум и витамини). Лекот Линдрон е ефикасен само ако се земе на празен стомак.

Нема испитувања со алендронат кај децата, затоа лекот не треба да се дава на деца.

**Ако сте земале поголема доза од Линдрон отколку што треба**
Ако сте зеле поголема доза отколку што требало, испијте полна чаша млеко и веднаш јавете се на лекарот. Не предизвикувајте повраќање. Не легнувајте.

**Ако сте заборавиле да земете Линдрон**

Не земајте двојна доза за да ја надополните пропуштената доза.
Продолжете со вообичаеното дозирање, со земање на следната доза на време.

**Ефекти кога престанува лекувањето со лекот Линдрон**
Важно е да земате лекот Линдрон се додека ви препорачал вашиот лекар. Лекот Линдрон ја лекува остеопорозата само ако се зема редовно.
Ако имате било какви дополнителни прашања за употребата на овој лек, прашајте го вашиот лекар или фармацевтот.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА НА ЛЕКОТ ЛИНДРОН

Како и сите лекови, и лекот Линдрон може да предизвика несакани дејства, иако не кај секој пациент.
Несаканите дејства се обично благи. Некои пациенти може да почуствуваат храноварителни потешкотии, кои може да бидат тешки како, надразнување или создавање на чир на хранопроводникот, што може да предизвика градна болка, чувство на печење зад градната коска, тешкотии или болка при голтањето и/или создавање на лузни што води кон стеснување на хранопроводникот. Овие проблеми се јавуваат особено кај пациентите кои не ја земаат таблетата со полна чаша вода и/или кои легнуваат пред да изминат 30 минути од земањето на таблетата или пред нивната прва храна во денот. Заболувањето на хранопроводникот може да се влоши ако пациентите продолжат да го земаат лекот и по развивањето на знаците на надразнување на хранопроводникот.
Други несакани дејства на органите за варење на храната се: болка во стомакот, храноварителни потешкотии, запек, пролив, потешкотии со голтањето, гасови, чувство на надуеност или полност на стомакот, гадење, повраќање и црн и/или крвав измет.
Некои пациенти може да почувствуваат болки во коските, во мускулите или во зглобовите (ретко со знаци кои се слични на грип или на треска), главоболка, поретко исип (понекогаш со влошување по сончање), јадеж, болки во очите, нарушен или заматен вид и/или гледање на црни лебдечки точки.
Многу ретко несакано дејство кое може да се јави кај пациентите по долготрајно лекување со алендронска киселина е фрактура на бутната коска.Болка во бутот,слабост и нелагодност можат да бидат ран знак за можна фрактура на бутната коска.
Пријавени се и многу ретки случаи на тешки кожни реакции. Може да се јават и алергиски реакции како хифи, или поретко отекување на лицето, усните, јазикот и/или грлото. Ова може да доведе до нарушување на дишењето или на голтањето.
Желудечни чирови или чирови на дванаесетпалечното црево, понекогаш тешки или со крварење, се јавуваат ретко, но не е сигурно познато дали тие се предизвикани од лекувањето со лекот. Чирови во устата се јавуваат кога таблетите биле цвакани или шмукани.
Ако било кои несакани дејства станат сериозни или ако забележите било какво несакано дејство кое не е наведено во ова упатство, ве молиме кажете му на вашиот лекар или на фармацевт.



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

## 5. ЧУВАЊЕ НА ЛИНДРОН

*Лекот чувајте го на места недостапни за деца!*
Заштитетен од влага. Не го чувајте на температура повисока од 30°C.

**Рок на употреба**
Не го употребувајте лекот Линдрон по изминување на рокот на употреба наведен на пакувањето. Рокот на употреба се однесува на последниот ден од наведениот месец.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи лекот Линдрон**
- Активната супстанција е алендронат натриум. Секоја таблета содржи 10 mg алендронична киселина во облик на алендронат натриум.
- Дополнителни состојки на таблетите Линдрон се: прежелатинизиран скроб, пченкарен скроб, микрокристална целулоза, колоидна безводна силика, магнезиум стеарат.

**Како изгледаат таблетите Линдрон и содржина на пакувањето**
Таблетите се бели по боја, округли, лесно двојно испакнати и обележани од едната страна.
Таблетите се достапни во кутии од 28 таблети во блистер пакување.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет**
КРКА-ФАРМА ДООЕЛ Скопје, Сервисна зона југ, реон 40, Новопроектирана б.б., 1000 Скопје, Република Македонија.

**Име и адреса на производителот**
KRKA, d.d., Novo mesto, Šmarješka cesta 6, 8501 Novo mesto, Slovenia

**Начин на издавање на лекот**
Само на лекарски рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**



РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ *